Република Македонија
Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ
# К-2-2014

## Резиме

- **БДП** во К-2-2014 во однос на истиот квартал претходната година забележа **реален раст** од 4,3%;
- **Бројот на вработени** во К-2-2014 е повисок за 1,3% во однос на истиот квартал претходната година. **Бројот на невработени** се намали за 1,3% на годишна основа, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-2-2014 на 28,2%;
- **Стапката на инфлација** во К-2-2014, мерена според Индексот на трошоци на живот, забележа пад од 0,9% во однос на истиот квартал од 2013 година;
- Просечната **бруто плата** во К-2-2014 изнесува 31.172 денари и споредено со бруто платата во К-2-2013 е повисока за 0,5% на номинална основа и за 1,5% на реална основа;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-2-2014 се повисоки за 0,4%, а вкупните **буџетски расходи** за 3,6 споредено со истиот квартал од 2013 година;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-2-2014 се зголеми за 0,4% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-2-2014 бележи раст од 2,9% на квартално ниво;
- **Македонскиот берзански индекс МБИ-10** во јуни 2014 година се намали за 5,3% во однос на март 2013 година, додека вкупниот промет остварен на берзата се зголеми за 9,3%;
- Во К-2-2014 забележан е **раст на извозот** од 16,6% и раст на **увозот** од 5,9% на годишно ниво (к/к-4),, со што вкупната **надворешно-трговска размена** изразена во евра забележа раст од 10,0%;

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

**БДП** во К-2-2014 во однос на истиот квартал од 2013 година забележа **реален раст** од 4,3%, по растот од 3,5% во претходниот квартал, со што просечниот раст на БДП во првата половина од 2014 година изнесува 3,9%[1]. Номиналниот раст на БДП во К-2-2014 изнесува 6,3% споредено со истиот квартал претходната година, што имплицира дека БДП дефлаторот изнесува 1,9%.

График 1.1. Реална стапка на раст на БДП; Извор: ДЗС




Анализирано според **производната страна на БДП**, во К-2-2014 позитивни остварувања забележаа сите сектори. Растот на БДП е придвижен од услужниот сектор, при што највисок реален раст забележа секторот Трговија, транспорт и угостителство од 5%, по што следеа секторите Финансиски дејности и дејности на осигурување од 4,1%, Информации и комуникации од 4%, Дејности во врска со недвижен имот од 2,7%, Уметност, забава и рекреација од 2%, Стручни, научни и технички дејности од 0,7% и Јавна управа и одбрана од 0,4%. Градежништвото во К-2-2014 забележа раст од 0,6% на реална основа по растот од 10,4% во претходниот квартал. Стапката на реален раст во земјоделството изнесува 1,7%.

Растот на индустриското производство во К-2-2014 изнесува 0,2%, што претставува забавување на динамиката на растот во однос на претходниот квартал. Притоа, согласно месечните податоци за индустриското производство, растот на индустријата во К-2-2014 изнесува 5,6% и се должи на остварените позитивни стапки кај: преработка на дрво и производи од дрво (74,3%), производство на хемикалии и хемиски производи (38,8%), вадење јаглен и лигнит (38,6%), производство на машини и уреди (34,6%), производство на производи од гума (32,8%), производство на текстил (31,6%), производство на електрична опрема (27,7%) производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема (25,2%), вадење други руди и камен (23,4%), производство на облека (12,6%), поправка и инсталирање машини и опрема (10,1%), останата производствена индустрија (9,9%), производство на мебел (8,5%), печатење и продукција на снимени медиуми (5,9%), производство на хартија и производи од хартија (5,8%), производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати (5,5%), производство на

[1] Податоците за БДП се подготвени според методологијата Европски систем на сметки (ЕСА) 2010.

останата опрема за транспорт (3,3%), производство на пијалаци (1,3%), производство на прехранбени производи (0,9%) и производство на кожа и слични производи од кожа (0,1%). Оттука, позитивен годишен раст е регистриран кај 20 гранки, кои сочинуваат 74,1% од индустриското производство.

Пад е остварен кај: производство на кокс и рафинирани нафтени производи (90,2%), снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (26,4%), вадење руди на метал (18,4%), производство на метали (2,6%) и производство на тутунски производи (1,1%).

Анализирано според расходната страна на БДП, во К-2-2014 растот е придвижен од извозот и потрошувачка. Извозот на стоки и услуги забележа раст од 12,4% на реална основа, што се должи главно на зголемениот извозен потенцијал на земјата. Растот на финалната потрошувачка во К-2-2014 изнесува 4,5%, што се должи на растот и на личната потрошувачка (4,6%) и на јавната потрошувачка (3,5%). Растот на личната потрошувачка е пред сè резултат на позитивните движења на пазарот на трудот и посилниот раст на кредитирањето на населението во овој период. Бруто инвестициите во К-2-2014 забележаа раст од 1,3%, по високиот раст од 13,9% во претходниот квартал. Зголемениот извоз како и растот на потрошувачката резултираа со раст на увозот на стоки и услуги од 8,1%.

Во К-2-2014 продолжија позитивните движења на пазарот на работна сила. Според Анкетата на работната сила, бројот на вработени во К-2-2014 е повисок за 1,3% во однос на истиот квартал од претходната година. Растот на вработеноста е придружен со пад на бројот на невработени, кој на годишна основа е намален исто така за 1,3%. Бројот на активно население во К-2-2014 е повисок за 0,6% на годишна основа. Ваквите движења на пазарот на работна сила предизвикаа стапката на невработеност во К-2-2014 да се намали на 28,2%, односно за 0,6 п.п. споредено со истиот квартал од претходната година. Стапката на вработеност во К-2-2014 изнесува 41,1% и во однос на истиот квартал од претходната година е повисока за 0,5 п.п.. Активното население во К-2-2014 претставува 57,3% од вкупното работоспособно население, што претставува зголемување од 0,2 п.п. споредено со истиот квартал претходната година.

График 1.2. Број на вработени и стапка на невработеност;
Извор: ДЗС



## 2. Цени, трошоци и продуктивност

**Инфлацијата**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-2-2014 забележа пад од 0,9% во однос на истиот квартал од 2013 година, наспроти растот од 0,6% регистриран во претходниот квартал. Овој пад на стапката на инфлација главно се должи на намалените цени во категориите Рекреација и култура од 3,6% и Храна и безалкохолни пијалаци од 2,5%. Цените на храната и безалкохолните пијалаци бележат забрзано намалување, што се должи главно на падот на цените на маслото, овошјето и зеленчукот. Пад на цените е забележан и во следниве категории: Ресторани и хотели од 1,7%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,6%, Мебел, покуќнина и одржување покуќнина од 1,5% и Комуникации од 1,1%.

График 2.1. Стапка на инфлација (к/к-4); Извор: ДЗС




Највисок раст на потрошувачките цени е регистриран во категоријата Здравје од 10%, како резултат на порастот на цените на лековите, помагалата и медицинската опрема. Раст на цените е забележан и во следниве категории: Алкохолни пијалаци и тутун од 2,7%, Останати стоки и услуги од 1,8%, Облека и обувки од 1,4%, Транспорт од 0,4% и Образование од 0,2 %.

**Цените на мало** во К-2-2014 забележаа намалување од 1,2% споредено со истиот квартал од 2013 година, наспроти растот од 0,2% регистриран во претходниот квартал.

Највисоко намалување на цените на мало има во категоријата Услуги од 1,6%, придонесувајќи со 0,6 п.п. во вкупниот пад на цените на мало. Во категоријата Стоки е забележан пад на цените од 1%, што се должи пред се на падот на цените на земјоделските производи од 7,9%. Цените на индустриските производи забележаа пад од 0,2%, како резултат на падот на цените на мало на прехранбените индустриски производи од 0,7% и непрехранбените индустриски производи од 0,2%. Малопродажната цена на пијалаците забележа раст од 2,5%, а цената на тутунот во К-2-2014 остана непроменета.

Просечната **нето плата** во К-2-2014 изнесува 21.297 денари и е за 0,8% повисока на номинална основа споредено со нето платата во К-2-2013. На реална основа, нето платата регистрира зголемување од 1,7%. Просечната **бруто плата** изнесува 31.172

денари и бележи раст од 0,5% на номинална основа, односно раст од 1,5% на реална основа, споредено со бруто платата во К-2-2013.

Растот на економската активност во К-2-2014 беше проследен и со раст на бројот на вработени. Притоа, економскиот раст беше посилен од вработеноста, што резултираше и со раст на **продуктивноста на трудот** од 2,9%, по растот од 0,9% во претходниот квартал.

График 2.2. Стапка на номинален и реален раст на бруто плата (к/к-4); Извор: ДЗС




## 3. Фискален сектор

Во вториот квартал од 2014 година беше забележано повисоко остварување на вкупните буџетски приходи за 0,4% во однос на истиот квартал од 2013 година, истовремено придружено со поголеми буџетски расходи за 3,6%. Ова придонесе **дефицитот на Буџетот** во К-2-2014 да изнесува 3.621 милиони денари или 2,7% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 2.633 милиони денари, односно 1,9% од БДП).

Вкупните **буџетски приходи** забележаа учество од 26,7% од реализираниот квартален БДП и се повисоки за 0,4% споредено со истиот квартал од 2013 година, што најмногу се должи на повисокото остварување на даночните приходи од 4,4%, придонесите од 4,4%, додека неданочните приходи се зголемија за 11,0%. Притоа кај даночните приходи беше забележана повисока наплата кај данокот на додадена вредност, персоналниот данок и царините, кај данокот на добивка и кај акцизите, додека само кај приходите од други даноци беше реализирана значително пониска наплата.

Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 51,1% од вкупните даночни приходи. Тие во К-2-2014 се повисоки за 1,5% споредено со истиот квартал од 2013 година. Во структурата на бруто приходите од ДДВ, бруто наплатата е повисока за незначителни 1,5%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 7,2% споредено со истиот период од 2013 година.

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува раст од 1,5%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 1,3%, учеството на

ДДВ донациите и  каматата е незначително (0,6%). Приходите од акцизи се повисоки за 14,8% споредено со истиот квартал од 2013 година. Во рамки на директните даноци, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 16,0%. Приходите од данокот на добивка беа зголемени за 32,2% во споредба со истиот квартал од претходната година, при што треба да се има предвид дека приходот за овој данок главно е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации и по исплатена дивиденда и друга распределба од добивката и на задржан данок платен на странски правни лица.

Гледано од аспект на структурното учество во БДП, директните даноци, на годишна основа, го зголемија своето учество во БДП за 0,4 п.п. (3,3% од БДП), додека кај индиректните даноци беше забележано намалување на учеството за 0,1 п.п. (11,1% од БДП).

График 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-2-2014; Извор: МФ




Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 4,4%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско осигурување од 4,5%, кај придонесите за здравствено осигурување 4,2% и кај придонесите за вработување од 4,5%. Неданочните приходи, кои претставуваа 1,8% од вкупниот квартален БДП, беа реализирани за 11,0% повеќе во однос на истиот период од 2013 година.

Капиталните приходи во К-2-2014 беа пониски за 56,6% на годишна основа (во овие приходи спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди). Споредено со К-2-2013, приходите по основ на донации се пониски за 29,0%.

Во К-2-2014 вкупните **буџетски расходи** беа повисоки за 3,6% споредено со истиот квартал од 2013 година. Тековните расходи, кои претставуваа 26,3% од кварталниот БДП, беа реализирани за 3,5% повеќе на годишна основа. Капиталните расходи кои претставуваа 3,1% од кварталниот БДП споредено со истиот квартал од 2013 година, беа повисоки за 4,0%, односно 10,4% учество во вкупните расходи. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа реализирани за 1,7% пониско, додека за расходите за плати и надоместоци беше забележано зголемување од 2,4% во однос на истиот квартал лани. Средствата за трансфери,

кои учествуваа со 2/3 во вкупните расходи (62,9%), беа повисоки за 3,3% на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 6,6% и учествуваа со 49,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 6,7%, и учествуваат со 30,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 13,2%, односно забележаа намалување од 7,6%, споредено со истиот квартал од 2013 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 7,9%, а субвенциите и трансферите беа остварени за 37,7% помалку.

Расходите за каматни плаќања беа зголемени за 39,2% на годишна основа, додека споредено со К-1-2014 истите се намалени за 28,6 п.п. Расходите по камати на домашен долг забележаа раст од 56,4% на годишна основа, додека каматите за странскиот долг се зголемени за 12,3% на годишна основа, а споредено со К-1-2014 тие се повисоки за 36,6%.

Фискалното оптоварување, мерено како утврден дел на буџетските приходи[2] во однос на номиналниот БДП, во К-2-2014 изнесуваше 23,8% и претставува намалување од 0,2 п.п. во однос на К-1-2014. Вкупните буџетски расходи претставуваа 29,4% од кварталниот БДП, што е за 6,6 п.п. понизок остварен износ во однос на К-1-2014, односно на годишна основа намалување од 0,8 п.п.

График 3.2. Долг на централна влада и негова структура; Извор: МФ




Вкупниот **долг на централната влада** на крајот на К-2-2014 забележа намалување на своето учество во БДП од 0,7 п.п. во однос на К-1-2014 година. Учеството на надворешниот долг на централната влада во вкупниот долг на истата беше зголемено за 0,4 п.п. во однос на К-1-2014, додека учеството на внатрешниот долг на централната влада во вкупниот долг беше намалено за исто толку процентни поени. Со тоа, учеството на внатрешниот долг на централната влада беше намалено на 43,6% од вкупниот долг.

---

[2] Вклучува даночни приходи, социјални придонеси и административни такси и давачки.

## 4. Монетарно-финансиски движења

Во вториот квартал на 2014 година, НБРМ ја задржа основната каматна стапка непроменета на нивото од 3,25%, со оглед на отсуство на позначителни промени во амбиентот на спроведување на монетарната политика. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена е непроменета и изнесува 1,25%.

Примарните пари[3] во К-2-2014 регистрираа квартален раст од 2,5% (пад од 0,4% во К-1-2014) во услови на раст на вкупната ликвидност на банките од 4% и на готовите пари во оптек од 0,9%. Во однос на јуни 2013 година, примарните пари се зголемија за 2,2%, како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек од 5,4%.

Во текот на вториот квартал на 2014 година најтесната парична маса М1 забележа квартален раст од 1,4% во однос на К-1-2014 година. Монетарниот агрегат М2 во К-2-2014 забележа пад од 0,4%, додека најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 0,5%.

Вкупниот депозитен потенцијал[4] на банките во К-2-2014 се зголеми за 0,4% на квартална основа, што претставува забавување во однос на претходниот квартал, кога беше регистриран раст од 2,2%. Од аспект на секторската структура, зголемениот депозитен потенцијал се должи на растот на депозитите на домаќинствата од 1,1%. Истовремено, депозитите на приватните претпријатија забележаа квартален пад од 2,4%.

Од аспект на валутата, денарските депозити се зголемија за 0,7%, додека девизните депозити се зголемени за 0,1% во однос на претходниот квартал. Степенот на евроизација е намален за 0,2 п.п., односно на 42,6%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, во изминатиот период се забележува континуиран раст на учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал, кое во К-2-2014 достигна 26,3%, што е во согласност со кварталниот раст на долгорочните депозити од 3,3% (5,1% во К-1-2014). Краткорочните депозити забележаа пад од 1,2% во анализираниот период.

Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор во К-2-2014 бележи засилен квартален раст од 2,9%, во услови на раст на кредитите кон домаќинствата од 3,9% и раст на кредитите кон приватните претпријатија од 2%. Од валутен аспект, денарските кредити го водеа растот на вкупните кредити и се зголемија за 3,5% на квартално ниво, додека кредитите во странска валута во К-2-2014 регистрираа квартален раст од 0,6%.

[3] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[4] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

Според рочноста, долгорочните кредити во К-2-2014 бележат квартален раст од 2,1%, додека краткорочните кредити се зголемија за 1,8%.




Во вториот квартал на 2014 година, НБРМ ја задржа **каматната стапка на благајничките записи** непроменета, на ниво од 3,25%. Каматните стапки на депозитните банки и во К-2-2014 забележаа надолни поместувања на квартална основа. Имено, каматната стапка за денарските кредити се намали за 0,1 п.п. во однос на претходниот квартал и изнесува 7,5%. Со тоа продолжи трендот на намалување на оваа каматна стапка, кој започна од почетокот на 2010 година. Каматната стапка на девизните кредити се намали од 6,4% во К-1-2014 на 6,3% во К-2-2014. Каматната стапка на денарските депозити се задржа на нивото од 3,9%, а каматната стапка на девизните депозити се намали за 0,1 п.п. и изнесува 1,4% во К-2-2014.




Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-2-2014 се зголеми на квартално ниво за 0,1 п.п. и изнесува 6,7%, додека каматната стапка на новоодобрените девизни кредити се намали за 0,1 п.п. на 6,1%. Каматната стапка на новопримените денарски депозити се намали за 0,3 п.п. и изнесува 2,1%, додека онаа на новопримените девизни депозити изнесува 0,4% за разлика од претходниот квартал кога изнесуваше 0,5%.

На **пазарот на капитал,** во вториот квартал од годината се забележа раст на вкупниот промет на берзата од 9,3% во однос на претходниот квартал, што се должи

на високиот износ на блок трансакциите регистриран во јуни. Прометот остварен преку класичното тргување се намали за 16,9%.

Во однос на истиот квартал од претходната година, вкупниот промет забележа раст од 40,7% во услови на зголемен промет од блок трансакции. Прометот остварен преку класичното тргување забележа пад од 23,0% на годишна основа. Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења, на крајот на вториот квартал изнесуваше 1.633,20 индексни поени, што претставува пад од 5,3% во однос на март 2014 година, додека во однос на јуни 2013 година индексот е понизок за 6,4%.

График 4.3. Вкупен промет на берза и МБИ 10;
Извор: Македонска берза




# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно - трговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, во К-2-2014 вкупната надворешно - трговска размена со странство изнесува 2.305,2 милиони евра и бележи раст од 10,0% во однос на истиот квартал од 2013 година.

Во К-2-2014 **извозот** на стоки изнесува 938,4 милиони евра и во однос на истиот квартал од претходната година забележан е раст од 16,6%, додека во однос на претходниот квартал раст од 15,2%.

Анализирано **по сектори на СМТК** (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во **извозот** во К-2-2014 во однос на истиот квартал од 2013 година се забележуваат кај:

- машини и транспортни уреди се зголеми речиси двапати (во рамки на кои се зголемија категориите: електрични машини, апарати и делови за двапати или 37,2 милиони евра; индустриски машини и делови за 71,2% или 35,3 милиони евра; и друмски возила за повеќе од трипати или 17,3 милиони евра);

- хемиските производи за 21,6% (хемиски материи и производи се зголеми за 32,7% или 38,8 милиони евра);
- разни готови производи за 20,7% (во рамки на кои се зголеми категоријата облека за 20,9 % или 21,3 милиони евра); и
- производи за храна за 5,0% (месо и преработки од месо за 39,5% или 3,3 милиони евра).

Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- производи класирани по материјалот за 6,5% (во рамки на кои категоријата железо и челик се намали за 9,0% или 14,2 милиони евра).
- минерални горива и мазива за 22,5% (во рамки на кои категоријата нафта и производи од нафта се намали за 20,3% или 3,6 милиони евра);
- пијалаци и тутун за 7,2% (пијалаци за 25,4% или 3,6 милиони евра); и
- суровини освен гориво за 9,0% (метална руда и отпадоци од метал забележа пад од 9,9% или 4,2 милиони евра).

Во К-2-2014, гледано по **економска намена** најголемо учество во извозот имаат: стоки за индустриски набавки (49,7%), потоа следуваат стоки за широка потрошувачка (19,8%), производи за инвестиции без транспортна опрема (12,8%), храна и пијалаци (9,8%), транспортна опрема (6,6%) и горива и мазива (1,3%).

График 5.1. Надворешно трговска размена; Извор: ДЗС




**Увозот на стоки** во К-2-2014 изнесува 1.366,8 милиони евра и претставува раст од 5,9% во однос на К-2-2013, додека во однос на претходниот квартал забележан е раст од 10,2%.

Анализирано **по сектори на СМТК**, најголемо позитивно придвижување на **увозот** во К-2-2014 во однос на К-2-2013 се забележува кај:

- производи класирани по материјалот за 21,4% (при што зголемување има кај категориите: обоени метали за 63,9% или 65,7 милиони евра; и предиво, ткаенини и текстилни производи за 15,9% или 15,3 милиони евра);

- машини и транспортни уреди за 3,5% (електрични машини, апарати и делови за 52,2% или 25,1 милиони евра);
- суровини освен гориво за 27,1% (метална руда и отпадоци од метал се зголеми за 47,8% или 11,5 милиони евра); и
- разни готови производи за 12,2% (професионални, научни и контролни инструменти и апарати за 16,5% или 1,8 милиони евра; и обувки за 18,3 или 1,3 милиони евра).

Најголемо негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- хемиски производи за 15,8% (производи за боење и штавење за 57,7% или 15,3 милиони евра; и неоргански хемиски производи за 51,1% или 8,0 милиони евра);
- производи за храна за 6,1% (каде намалување има кај категориите: жита и преработки од жита за 16,9% или 3,7 милиони евра; и месо и преработки од месо за 11,3% или 3,6 милиони евра);
- минерални горива и мазива за 0,3% (при што намалување има кај категоријата нафта и производи од нафта за 1,8% или 2,5 милиони евра);
- пијалаци и тутун за 1,1% (пијалаци за 9,7% или 0,9 милиони евра).

Гледано по **економска намена,** во К-2-2014 најголемо учество во увозот имаат: стоки за индустриски набавки (48,6%), потоа следуваат горива и мазива (13,2%), производи за инвестиции без транспортна опрема (12,8%), стоки за широка потрошувачка (10,3%), храна и пијалаци (9,8%) и транспортна опрема (5,2%).

Во К-2-2014, надворешно трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 27) е зголемена за 19,3% во однос на К-2-2013, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена е зголемено за 3,5 п.п. во однос на вториот квартал од 2013 година и изнесува 70,4%. Притоа извозот на стоки учествува со 77,6%, а увозот на стоки со 65,6%.

График 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-2-2014
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС



Како резултат на структурните промени во размената со странство, во вториот квартал од 2014 година 94,2% од трговскиот дефицит на земјата е последица на дефицитот во размената со Велика Британија, Грција, Кина, Турција и Србија, а остатокот од дефицитот е последица на размената со: САД, Италија, Романија, Словенија, Австрија и други. Суфицит во размената е остварен со Германија, Косово, Белгија и Босна и Херцеговина.

## 5.2. Платен биланс

Во вториот квартал од 2014 година на **тековната сметка** на платниот биланс[5], беше регистриран дефицит од 88 милиони евра или 4% од БДП[6], што претставува стеснување во однос на претходниот квартал за 2 п.п..

На годишно ниво, салдото на тековната сметка во К-2-2014 е намалено за 22,6% што се должи на зголемените приливи на сметката на секундарен доход за 6,5% и на стеснувањето на дефицитот на трговската сметка за 7,3%, додека намалувањето на суфицитот од сметката на Услуги за 79,8% и намалените приливи од сметката на примарен доход за 21,2% влијаеја во спротивна насока.

График 5.3. Салдо на тековна сметка; Извор: НБРМ




Во услови на подинамичен раст на извозот на стоки (16,7%) споредено со растот на увозот на стоки (6,0%), **трговската сметка** во К-2-2014 забележа стеснување за 7,3% на годишно ниво и истата изнесува 20,4% од кварталниот БДП.

Во К-2-2014, во услови на подинамично зголемување на увозот на услуги (за 41,5%) и помал интензитет на зголемување на извозот на услуги (18,9%), беше регистрирано намалување на салдото на **сметката на услуги** за 79,8% на годишно ниво.

**Трговската отвореност** на Република Македонија во К2-2014 изнесува 110,9% и е зголемена за 7,5 п.п. во однос на истиот квартал од 2013 година.

[5] Од јуни 2014 година, Народната банка на Република Македонија (НБРМ) започна да ги објавува податоците од екстерните статистики (платен биланс, меѓународна инвестициска позиција и бруто надворешен долг и надворешни побарувања) изготвени според новите меѓународни стандарди, дефинирани во „Прирачникот за платен биланс и меѓународна инвестициска позиција“ (БПМ6). Методолошките промени подетално се објавени на веб - страницата на НБРМ.

[6] Во пресметката е користен БДП за втор квартал за 2014 година, објавен од Државен завод за статистика.

Сметката на **примарен доход** во К-2-2014 регистрираше дефицит од 47,9 милиони евра и истиот забележа продлабочување на годишно ниво за 0,2%, што влијаеше во спротивна насока на движењето на тековната сметка.




Салдото на сметката на **секундарен доход** во К-2-2014 изнесува 399,1 милиони евра и тоа е повисоко за 6,8% во однос на К-2-2013. Растот се должи на порастот на доходите (3,5%) од секторот „финансиски претпријатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции, коишто им служат на домаќинствата“[7] кој учествува со 92,7% во сметката на секундарен доход, како и порастот на доходот од секторот Држава за 75,1%, кој учествува со 7,3% во сметката на секундарен доход.

Салдото на **капиталната сметка** во К-2-2014 изнесува 1,5 милиони евра и истото е стеснето за 76,5% во однос на К-2-2013, што во најголем дел се должи на одливот на непроизведени нефинансиски средства, како и поради трикратно намалениот прилив на капитални трансфери.




**Нето-задолжувањето** на земјата во К-2-2014 изнесува 86,6 милиони евра и тоа е намалено за 17,1% на годишно ниво.

**Директните инвестиции** во земјата во К-2-2014 изнесуваат 30,7 милиони евра и се намалени за 6,6% на

[7] Во сметката на Секундарен доход спаѓаат доходите од сектор 1. Држава и доходи од 2. Финансиски претрпијатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата, во кои се вклучени 2.1/Личните трансфери (тековни трансфери помеѓу резидентни и нерезидентни домаќинства) и 2.2/Останати тековни трансфери.

годишно ниво (во најголем дел поради зголемените обврски по основ должнички инструменти, како и поради намалени приливи на сопственички капитал).

**Портфолио инвестициите** во К-2-2014 изнесуваат 7,8 милиони евра и бележат трикратно зголемување на годишно ниво.

**Останатите инвестиции** во К-2-2014 изнесуваат 20,4 милиони евра и на годишно ниво бележат раст од 6,7%. Во рамките на категоријата останати инвестиции заемите се зголемија за 81,1%, додека валутите и депозитите се намалија за 14,3%.

**Девизните резерви** во вториот квартал од 2014 година бележат намалување за 26,1% во однос на истиот квартал од 2013 година.

**Министерство за финансии**
**Сектор за макроекономска политика**

**Извештајот го подготвија:**

Ангела Васовска
Анета Дудеска
Ана Николова
Ирена Панева
Копринка Сапунова
Нецати Куртиши

Контролирал:

**Весна Цветанова**

Одобрил:

**Јордан Трајковски**

Jordan.Trajkovski@finance.gov.mk

Скопје, октомври 2014 година